Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

Извадок на дел од дневни настани 30.12.2020

На 29.12.2020 во 22.50 часот, полициски службеници од СВР Скопје на подрачјето на Гази Баба го лишиле од слобода К.М.(19) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него биле пронајдени марихуана и дробилка. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 29.12.2020 околу 23.40 часот во тетовско Горно Седларце, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода А.О.(21) од с.Жеровјане, тетовско, затоа што при преглед му била пронајдена марихуана. Тој бил задржан во Полициската станица Тетово и по целосно расчистување и документирање на случајот ќе му биде изготвен поднесок.

На 29.12.2020 околу 18.25 часот во тетовско Пршовце, полициски службеници на СВР Тетово го привеле И.Ф.(55) од ова село, бидејќи кај него биле пронајдени и одземени околу 1.500 разновидни пиротехнички средства. Тој бил задржан во Полициската станица Тетово и ќе му биде изготвен поднесок по Законот за заштита од експлозивни материи.

На 30.12.2020 во 02.30 часот во с.Катланово, скопско, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода А.Ч. од Република Турција, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „одземање на моторно возило". Тој бил задржан во полициска станица за понатамошна постапка.

На 29.12.2020 во 17.20 часот било пријавено дека на бул.„Партизански одреди", во близина на мост „Обединети Нации", Т.Ј. од Скопје, додека се превезувала во автобус „ман", управуван од С.Т.(49) од Скопје, паднала и се здобила со тешки телесни повреди, констатирани во Градската општа болница „8 Септември". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 29.12.2020 на подрачјето на СВР Струмица била спроведена акциска контрола за откривање на возачи кои вршат неправилно престигнување и обиколување. Во акциската контрола биле констирани 107 прекршоци, од кои 23 по акциската контрола и 84 останати прекршоци, кои се соодветно санкционирани.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против Б.С.(49) од Струга, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „бесправно градење" и „узурпација на недвижност". Тој, во својство на инвеститор, во текот на 2020 година на локација во Струга, без соодветно одобрение започнал со доградби на објект и узурпирал земјиште сопственост на Република Северна Македонија. Од извршениот инспекциски надзор донесено е решение со кое на инвеститорот му се наредува да ги отстрани доградбите.

На 29.12.2020 во 14.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека во с.Крушопек, скопско, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу С.А.(37), Р.М.(32), Р.М.(31) и Џ.М.(44), од една страна, и А.А.(38) од друга страна, сите од с.Крушопек. Сочинети записници по член 11 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против М.Ј.(50) од с.Пирок, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија''. На 09.12.2020 во с.Пирок, во угостителски објект сопственост на пријавениот, полициски службеници извршиле контрола и констатирале дека објектот работи после пропишаното време.

На 30.12.2020 околу 10.00 часот во Полициската станица Дебар било пријавено дека Б.П. (47) од Дебар, додека бил во сопствениот угостителски објект, бил нападнат со остар предмет од едно лице. Се работи на расчистување на случајот.

СВР Струмица поднесе две кривични пријави против Ф.А. и З.А. од Струмица, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „пренесување заразна болест" и „непостапување според здравствени прописи за време на пандемија". На 27.09.2020 полициски службеници извршиле контрола и не ги затекнала пријавените во својот дом во Струмица и покрај тоа што им биле издадени решенија од ДСЗИ за изолација.

На 30.12.2020 во 01.48 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул. Перо Наков настанал пожар во патничко возило „бмв", со бугарски национални ознаки, сопственост на Т.С.(40). Повредени лица нема.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет